# ДОГОВОР

## МЕЃУ
## ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## И
## СОВЕТОТ НА МИНИСТРИ НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

## ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ДАНОКОТ ОД ДОХОД И ДАНОКОТ НА КАПИТАЛ

Владата на Република Македонија и

Советот на министри на Босна и Херцеговина

со желба да склучат договор за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал,

се договорија за следново:

Член 1

## ЛИЦА НА КОИ СЕ ПРИМЕНУВА ДОГОВОРОТ

Овој договор ќе се применува на лицата кои се резиденти на едната или на двете држави договорнички.

Член 2

## ДАНОЦИ НА КОИ СЕ ПРИМЕНУВА ДОГОВОРОТ

1. Овој договор ќе се применува на данокот од доход и данокот на капитал кои ги заведува државата договорничка или нејзините политички единици или локални власти, независно од начинот на кои тие се наплатуваат.

2. Под данок од доход и данок на капитал се сметаат сите даноци кои се воведуваат на вкупниот доход, или на целиот капитал, или на делови од доходот или од капиталот, вклучувајќи ги и даноците од отуѓување на подвижен или недвижен капитал, даноците на вкупните износи на платите или надоместоците кои ги исплатуваат претпријатијата, како и даноците на прираст на капиталот.

3. Постојните даноци на кои ќе се применува овој договор се:

- во Македонија:

(а) персонален данок од доход;
(б) данок од добивка;
(в) данок на имот;

( во натамошниот текст "македонски данок");

- во Босна и Херцеговина:

(а) данок на доход од физички лица;
(б) данок од добивка;
(в) данок на имот;

(во натамошниот текст "босанскохерцеговски данок").

4. Овој договор ќе се применува исто така и на секој ист или суштински сличен данок кој ќе се воведе по склучувањето на овој договор покрај или наместо постојните даноци. Надлежните органи на државите договорнички ќе ги соопштуваат една на друга сите значајни промени кои ги имаат извршено во нивните даночни закони.

Член 3

## ОПШТИ ДЕФИНИЦИИ

1. За потребите на овој договор, освен ако во контекст на ова не се бара поинаку:

а) изразите "држава договорничка" и "друга држава договорничка" означуваат Македонија или Босна и Херцеговина, зависно од смислата;

б) изразот "Македонија" ја означува македонската територија, а употребен во географска смисла ја означува нејзината сувоземна (копнена) територија, нејзините внатрешни езерски води и езерски дна над кои има надлежност и има суверени права заради истражување, експлоатација, конзервирање и управување со природните богатства во согласност со своето внатрешно законодавство и меѓународиото право;

в) изразот "Босна и Херцеговина" ја означува државата Босна и Херцеговина, територијата, територијалното море, како и прекуморските површини врз кои има јурисдикција и суверени права за целите на истражување, искористување, одржување и управување со природните ресурси, согласно меѓународната јурисдикција и меѓународното право;

г) изразот "политичка единица" во случајот на Босна и Херцеговина ги означува ентитетите: Федерација на Босна и Херцеговина и Република Српска и Брчко Дистрикт на Босна и Херцеговина;

д) изразот "државјанин" означува секое лице кое поседува државјанство на државата договорничка;

ѓ) изразот "лице" означува секое физичко и правно лице и друштво на лица;

е) изразот "друштво" означува секое правно лице или целина која се третира како правно лице за даночни цели;

ж) изразот "претпријатие на државата договорничка" и "претпријатие на другата држава договорничка" означува претпријатие со кое управува резидент на државата договоричка и претпријатие со кое управува резидент од другата држава договорничка;

з) изразот "меѓународен сообраќај" означува секој превоз со брод, воздухоплов или друмско возило кој го врши претпријатие чие седиште на стварна управа се наоѓа во државата договорничка, освен ако бродот, воздухопловот или друмското возило се користи исклучиво помеѓу места кои се наоѓаат во другата држава договоричка;

ѕ) изразот "надлежен орган" означува:

- во Македонија, Министерството за финансии, односно негов овластен претставник;

- во Босна и Херцеговина, Министерството за финансии и трезор, односно негов овластен претставник;

2. Кога државата договорничка го применува овој договор во било кое време, секој израз кој што не е дефиниран со договорот ќе има значење, освен ако контекстот не бара поинаку, според законот на таа држава во тоа време кој се однесува на даноците на кои овој договор се применува. Секое значење според даночните закони на таа држава кои се во сила, има предност во однос на значењето кое на тој израз му го даваат другите закони на таа држава.

Член 4

## РЕЗИДЕНТ

1. Изразот "резидент на државата договорничка", за потребите на овој договор, означува секое лице, кое според законите на таа држава, подлежи на оданочување во таа држава, политичка единица или локална власт, по основ на живеалиште, престојувалиште, место на основање, седиште на управување, или друг критериум од слична природа. Меѓутоа, овој израз не вклучува лица кои подлежат на оданочување само за доходот од извори во таа држава или за имотот кој се наоѓа во таа држава.

2. Кога според одредбите на ставот 1, физичко лице е резидент на двете држави договорнички, неговиот статус се определува на следниот начин:

а) ќе се смета дека е резидент само на државата во која има постојано место на живеење; ако има постојано место на живеење во двете држави, ќе се смета дека е резидент само на државата со која неговите лични и економски врски се потесни (средиште на животни интереси);

б) доколку не може да се определи државата во која има средиште на животни интереси, или ако ни во една држава договорничка нема постојано место на живеење, ќе се смета дека е резидент само на државата во која има вообичаено место на живеење;

в) ако има вообичаено место на живеење во двете држави договорнички или нема ниту во една од нив, ќе се смета дека е резидент на државата чиј е државјанин;

г) ако е државјанин на двете држави или на ниедна од нив, надлежните органи на државите договорнички ќе го решат прашањето по пат на заеднички договор.

3. Кога, во согласност со одредбите на ставот 1, лицето, освен физичкото, е резидент на двете држави договорнички, се смета дека е резидент на државата во која се наоѓа седиштето на неговата стварна управа.

Член 5

## ПОСТОЈАНА ДЕЛОВНА ЕДИНИЦА

1. Изразот "постојана деловна единица" за потребите на овој договор, означува постојано место на активност преку кое претпријатието го врши потполно или делумно своето работење.

2. Изразот "постојана деловна единица"означува особено:

а) седиште на управата;

б) филијала;

в) деловница;

г) фабрика;

д) работилница; и

ѓ) рудник, извор на нафта или гас, каменолом или друго место на искористување на природните богатства.

3. Градежните локалитети, градењето, монтажата или инсталационите проекти или надзорот во врска со тие активности, претставуваат постојана деловна единица, само доколку градењето или активностите траат подолго од дванаесет месеци.

4. По исклучок на претходните одредби на овој член, под израз "постојана деловна единица" не се подразбира:

а) користењето на објектите исклучиво со цел за складирање, изложување или испорака на добра или стоки кои му припаѓаат на претпријатието;

б) одржување на залихи на добра или стоки кои му припаѓаат на претпријатието исклучиво со цел за складирање, изложување или испорака;

в) одржување на залихи на добра и стоки кои му припаѓаат на претпријатието исклучиво со цел да бидат преработени од друго претпријатие;

г) одржување на утврденото деловно место на работење исклучиво со цел за купување на добра или стоки или за прибирање на информации за претпријатието;

д) одржување на утврденото деловно место исклучиво со цел за рекламирање, давање информации, вршење на научно-истражувачки или слични активности кои имаат подготвителен или помошен карактер за претпријатието;

ѓ) одржување на утврденото деловно место исклучиво со цел за вршење на активностите наведени во точките од а) до д) од овој став, доколку целокупната активност на утврдената деловна база што ќе настане од оваа комбинација е од подготвителен или помошен карактер.

5. По исклучок на одредбите од став 1 и 2 од овој член, кога лице - освен застапник со независен статус на кого се применува одредбата од ставот 6 од овој член, делува во име на претпријатие и има и вообичаено користи во државата договорничка овластување да склучува договори во име на претпријатието, ќе се смета дека тоа претпријатие има постојана деловна единица во таа држава во поглед на сите активности кои тоа лице ги презема за претпријатието, освен ако активностите на тоа лице се ограничени на активностите наведени во ставот 4 од овој член, кои доколку би се вршеле преку утврденото деловно место, не би го правеле тоа утврдено деловно место како постојана деловна единица согласно одредбите на тој став.

6. Не се смета дека претпријатието има постојана деловна единица во другата држава договорничка само поради тоа што во таа држава ги врши своите активности преку посредник, генерален комисионен застапник или друг претставник со самостоен статус, ако овие лица делуваат во рамките на своите редовни деловни активности.

7. Фактот што едно друштво кое е резидент на државата договорничка контролира или е под контрола на друштво кое е резидент на другата држава договорничка, или кое го врши работењето во таа друга држава (било преку постојана деловна единица или на друг начин), само по себе не значи дека едно друштво може да постане постојана деловна единица на другото друштво.

Член 6

## ДОХОД ОД НЕДВИЖЕН ИМОТ

1. Доходот кој резидент на државата договорничка го остварува од недвижен имот (вклучувајќи го и доходот од земјоделство и шумарство) кој се наоѓа во другата држава договорничка ќе се оданочи во таа друга држава.

2. Изразот "недвижен имот" го има истото значење како во законите на државата договорничка во која се наоѓа предметниот имот. Овој израз во секој случај ги опфаќа и придружните добра кои му припаѓаат на недвижниот имот, сточниот фонд и опремата која се користи во земјоделството и шумарството, правата на кои се применуваат општите одредби за сопственоста на земјиштето, плодоуживање на недвижностите и правата на променливите или постојаните плаќања како надоместок за работата, или за правото да се извршува работата, на минералните наоѓалишта, изворите и другите природни богатства. Бродовите, воздухопловите и друмските возила нема да се сметаат за недвижен имот.

3. Одредбите од ставот 1 ќе се применуваат на доходот кој ќе се оствари од непосредно користење, изнајмување или друг начин на користење на недвижниот имот.

4. Одредбите од ставовите 1 и 3 ќе се применуваат и на доходот од недвижниот имот на претпријатијата и на доходот од недвижен имот кој се користи за вршење на самостојна лична дејност.

Член 7

## ДОБИВКА ОД ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

1. Добивката на претпријатието на државата договорничка ќе се оданочува само во таа држава, освен во случај кога претпријатието врши дејност во другата држава договорничка преку постојана деловна единица која се наоѓа таму. Ако претпријатието врши дејност според горенаведениот начин, добивките на претпријатието можат да се оданочуваат во другата држава, но само за оној износ кој и се припишува на таа постојана деловна единица.

2. Во зависност од одредбите од ставот 3 од овој член, кога претпријатието на државата договорничка врши дејност во другата држава договорничка преку постојана деловна единица која таму се наоѓа, во секоја држава договорничка на таа постојана деловна единица и се припишува добивката која би можела да се оствари доколку би била одвоено и посебно претпријатие кое врши иста или слична дејност под исти или слични услови и

како да делувала потполно самостојно од претпријатието чија е постојана деловна единица.

3. При утврдување на добивката на постојаната деловна единица, како одбитоци се признаваат трошоците кои се извршени за потребите на постојаната деловна единица, вклучувајќи ги и трошоците на управување и општите административни трошоци, било во државата во која се наоѓа постојаната деловна единица или на друго место.

4. Доколку е вообичаено во државата договорничка добивката која се припишува на постојаната деловна единица да се одредува врз основа на распределбата на вкупната добивка на претпријатието на неговите посебни делови, одредбата од ставот 2 од овој член не ја спречува таа држава договорничка со таквата вообичаена распределба да ја одреди добивката која се оданочува. Усвоениот метод на распределба треба да биде таков што резултатот ќе биде во согласност со начелата кои се содржани во овој член.

5. Добивката нема да и се припише на постојаната деловна единица ако таа само купува добра или производи за претпријатието.

6. За потребите на претходните ставови од овој член, добивката која се припишува на постојаната деловна единица се определува со ист метод од година во година, освен ако постои оправдана и доволна причина да се постапи поинаку.

7. Кога добивката ги опфаќа  поделните приходи кои се регулираат со посебни членови од овој договор, одредбите од овој член не влијаат на одредбите на тие членови.

Член 8

## МЕЃУНАРОДЕН СООБРАЌАЈ

1. Добивката остварена од работење во меѓународен сообраќај со бродови, воздухоплови или друмски возила, ќе се оданочи само во државата договорничка во која се наоѓа седиштето на стварната управа на претпријатието.

2. Ако седиштето на стварната управа на претпријатието кое се занимава со поморски сообраќај се наоѓа на брод, тогаш се смета дека тоа се наоѓа во државата договорничка во која се наоѓа матичното пристаниште на бродот, или, ако не постои такво матично пристаниште, тогаш  се смета дека се наоѓа во државата договорничка во која корисникот на бродот е резидент.

3. Одредбите од ставот 1 се применуваат и на добивката остварена од учество во пул, заедничко вложување или меѓународна деловна единица.

Член 9

## АСОЦИЈАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА

1. Кога

а) претпријатие на државата договорничка учествува непосредно или посредно во управувањето, контролата или капиталот на претпријатието на другата држава договорничка, или

б) исти лица учествуваат непосредно или посредно во управувањето, контролата или капиталот на претпријатието на државата договорничка и на претпријатието на другата држава договорничка,

и ако и во двата случаи, помеѓу тие две претпријатија во нивните трговски или финансиски односи се создадени или наметнати услови различни од условите кои би биле создадени помеѓу самостојни претпријатија, добивката која би настанала за едно од претпријатијата, кога не би постоеле тие услови, или поради тие услови не настанала, може да биде вклучена во добивката на тоа претпријатие и соодветно оданочена.

2. Кога државата договорничка ја вклучува во добивката на претпријатието од таа држава - и ја оданочува соодветно - добивката за која претпријатието од другата држава договорничка било оданочено во таа држава, а вклучената добивка од првоспоменатата држава ќе се смета дека е добивката која би била остварена од претпријатието од првоспоменатата држава ако условите создадени помеѓу двете претпријатија се како помеѓу самостојни претпријатија, тогаш таа друга држава ќе направи соодветно прилагодување на износот на данокот утврден на таа добивка. При определувањето на ваквото прилагодување, ќе се води сметка и за другите одредби од овој договор и доколку е потребно надлежните органи на државите договорнички ќе се консултираат една со друга.

Член 10

## ДИВИДЕНДИ

1. Дивидендите кои ги исплатува друштво кое е резидент на државата договорничка на резидентот на другата држава договорничка ќе се оданочуваат во таа друга држава.

2. Меѓутоа, таквите дивиденди можат да се оданочат и во државата договорничка чиј резидент е друштвото кое ги исплатува дивидендите во согласност со законите на таа држава, но ако примателот е стварен корисник на тие дивиденди, така обложениот данок не може да надмине повеќе од:

а) 5 проценти од бруто износот на дивидендите ако стварниот корисник е друштво (исклучувајќи го партнерството), кое држи непосредно најмалку 25 проценти од капиталот на друштвото кое ги исплатува дивидендите;

б) 15 проценти од бруто износот од дивидендите во сите други случаи.

Одредбите на овој член не влијаат на оданочувањето на добивката на друштвото од која дивидендите се исплатуваат.

3. Изразот "дивиденди", употребен во овој член ја означува добивката од акции или други права на учество во добивката кои не се побарувања на долгови, како и доходот од други корпоративни права кои по однос на оданочувањето имаат ист третман како и доходот од акциите според законите на државата чиј резидент е друштвото кое врши распределба.

4. Одредбите од ставовите 1 и 2 од овој член нема да се применуваат ако стварниот корисник на дивидендите, резидент на државата договорничка, врши дејност во другата држава договорничка чиј резидент е друштвото кое ги исплатува дивидендите преку постојана деловна единица која се наоѓа во таа држава, или врши во таа друга држава самостојни лични услуги од постојана база која се наоѓа во таа држава, а правото по однос на кое дивидендите се платени е стварно поврзано со таквата постојана деловна единица или постојана база. Во тој случај соодветно ќе се применуваат одредбите на член 7 или 14 од овој Договор.

5. Кога друштвото кое е резидент на државата договорничка остварува добивка или доход од другата држава договорничка, другата држава не може да воведе данок на дивидендите кои ги исплатува тоа друштво, освен ако тие дивиденди се исплатени на резидентот на другата држава или ако правото врз основа на кое се исплаќаат дивидендите е стварно поврзано со постојана деловна единица или постојана база која се наоѓа во таа друга држава, ниту нераспределената добивка на друштвото да ја оданочува со данок на нераспределените добивки на друштвото, дури и ако дивидендите се исплатени или нераспределената добивка потполно или делумно се состои од добивката или доходот кои настанале во таа друга држава.

Член 11

## КАМАТА

1. Каматата која настанува во државата договорничка, а исплатена на резидентот од другата држава договорничка се оданочува во таа друга држава.

2. Меѓутоа, оваа камата може исто така да биде оданочена и во државата договорничка во која настанува, во согласност со законите на таа држава, но ако примателот е стварен корисник на каматата, така обложениот данок не може да надмине 10 проценти од вкупниот износ на каматата. Надлежните органи на државите договорнички ќе се договараат за начинот на примената на ова ограничување.

3. Изразот "камата" употребен во овој член означува доход од побарувања на секаков вид долг, независно од тоа дали се обезбедени со хипотека и дали на основа на нив се стекнува право на учество во добивката на должникот, и посебно на хартии од вредност на владата и доход од обврзници или други видови на обврзници, вклучувајќи ги и премиите и наградите на тие хартии од вредност или обврзници. Казнените камати платени за задоцнети плаќања не се сметаат за камати за потребите на овој член.

4. Одредбите на ставовите 1 и 2 од овој член нема да се применуваат ако стварниот корисник на каматата - резидент на државата договорничка го врши своето работење во другата држава договорничка во која настанала каматата, преку постојана деловна единица која се наоѓа во таа држава или врши во таа друга држава самостојни лични услуги од постојана база која се наоѓа во таа држава, а побарувањето на долгот на кое се плаќа камата е стварно поврзано со таа постојана деловна единица или постојана база. Во тој случај соодветно се применуваат одредбите на член 7 или 14 од овој договор.

5. Ќе се смета дека каматата настанала во државата договорничка кога исплатувачот е самата држава, политичките единици, локалните власти, или резидентот на таа држава. Меѓутоа, кога лицето кое плаќа камата, без оглед на тоа дали е резидент на државата договорничка или не, има во таа држава договорничка постојана деловна единица или постојана база во врска со која се јавува задолжувањето на кое се плаќа камата, а таквата камата се исплаќа на товар на постојаната деловна единица, или постојаната база, ќе се смета дека таквата камата настанува во државата договорничка во која постојаната деловна единица или постојана база се наоѓа.

6. Кога износот на каматата поради посебните односи помеѓу исплатувачот и стварниот корисник на каматата или помеѓу нив и трето лице, имајќи го во вид побарувањето на долгот за кој таа се плаќа, го надминува износот кој би бил договорен помеѓу исплатувачот и стварниот корисник, при непостоење на такви односи, одредбите од овој член ќе се применуваат само на последно спomенатиот износ. Во таков случај, вишокот на платениот износ ќе се оданочи согласно со законите на секоја држава договорничка, при што ќе се земат во предвид и другите одредби од овој договор.

## Член 12

## ПРИХОДИ ОД АВТОРСКИ ПРАВА

1. Приходите од авторски права кои настануваат во државата договорничка а се исплатуваат на резидент на другата држава договорничка ќе се оданочуваат во таа друга држава.

2. Меѓутоа, овие приходи од авторски права можат да се оданочат и во државата договорничка во која се настанале и во согласност со законите на таа држава, но ако примателот е стварен корисник на приходите од авторски права, така обложениот данок не може да го надминува износот од 10 проценти од бруто износот на примањата од авторски права. Надлежните органи на државите договорнички ќе се договараат за начинот на примената на ова ограничување.

3. Изразот "примања од авторски права" употребен во овој член, означува плаќање на било кој вид примање за користење, или право на авторско право за книжевно, уметничко или научно дело, вклучувајќи ги кинематографските филмови и филмовите или лентите за телевизија и радио,патенти, заштитни знаци, дизајни или модели, планови, тајни формули или постапка, или за користење на, или право на користење на индустриска, комерцијална или научна опрема, или за информации во врска со индустриските, комерцијалните или научните искуства.

4. Одредбите од ставовите 1 и 2 од овој член нема да се применуваат ако стварниот корисник на примањата од авторски права - резидент на државата договорничка, го врши работењето во другата држава договорничка во која примањата од авторски права се остварени, преку постојана деловна единица која се наоѓа таму, или во таа друга држава врши самостојни лични услуги од постојана база која се наоѓа во таа друга држава, а правото или имотот врз основа на кои се плаќаат примањата од авторски права се стварно поврзани со таа постојана деловна единица или постојана база. Во тој случај соодветно ќе се применуваат одредбите на член 7 или 14 од овој договор.

5. Се смета дека примањата од авторски права се остварени во државата договорничка кога исплатувачот е самата држава, политичките единици, локалните власти или резидент на таа држава. Меѓутоа, кога лицето кое ги плаќа примањата од авторски права, без оглед дали е резидент на државата договорничка или не, има во државата договорничка постојана деловна единица или постојана база во врска со која се појавува обврска за плаќање на примања од авторски права, а тие авторски права паѓаат на товар на таа постојана деловна единица или постојана база, се смета дека тие примања од авторски права се создадени во државата договорничка во која постојаната деловна единица или постојана база се наоѓа.

6. Кога, поради посебниот однос помеѓу исплатувачот и стварниот корисник на авторските права, или помеѓу нив двајцата и трето лице, платениот износ по основа на примања од авторски права, земајќи го предвид користењето, правото или информацијата за кои таа се плаќа, го надминува износот кој би бил договорен помеѓу исплатувачот и стварниот корисник доколку таков однос не би постоел, одредбите од овој член ќе се применуваат само на последно споменатиот износ. Во тој случај вишокот на платениот износ ќе се оданочува согласно законите на секоја држава договорничка, земајќи ги предвид и другите одредби од овој договор.

Член 13

## КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ

1. Добивката која ќе ја оствари резидент на држава договорничка од отуѓување на недвижен имот наведен во членот 6 , а кој се наоѓа во другата држава договорничка ќе се оданочи во таа друга држава.

2. Добивката од отуѓување на подвижен имот кој сочинува дел од имотот за работење на постојаната деловна единица која претпријатието од државата договорничка ја има во другата држава договорничка или од подвижниот имот кој припаѓа на постојаната база која е на располагање на резидентот на државата договорничка во другата држава договорничка со цел за вршење на самостојни лични услуги, вклучувајќи ја и добивката од отуѓување на таа постојана деловна единица (сама или заедно со целото претпријатие) или од таквата постојана база, може да се оданочуваат во таа друга држава.

3. Добивката остварена од продажба на бродови, воздухоплови или друмски возила кои се користат во меѓународниот сообраќај, или од подвижен имот кој е во врска со работењето на тие бродови, воздухоплови или друмски возила, ќе се оданочуваат само во државата договорничка во која се наоѓа седиштето на стварната управа на претпријатието.

4. Приходите од отуѓување на друг имот освен наведениот во ставовите од 1, 2 и 3 од овој член ќе се оданочуваат само во државата договорничка во која лицето кое отуѓува имот е резидент.

Член 14

## САМОСТОЈНИ ЛИЧНИ УСЛУГИ

1. Доходот кој го остварил резидент на државата договорничка од вршење на професионални услуги и други активности од самостоен карактер, ќе се оданочуваат само во таа држава, освен ако

а) тој има постојана база која редовно му е на располагање во другата држава договорничка за вршење на своите активности. Во тој случај, само од доходот кој се припишува на таа постојана база може да се оданочува во таа друга држава договорничка; или

б) неговиот престој во другата држава договорничка е за период или периоди кои изнесуваат или надминуваат вкупно 183 дена во односната фискална година; во тој случај само делот од доходот кој е остварен од неговите активности извршени во другата држава договорничка може да се оданочи во таа друга држава.

2. Изразот "професионални услуги" посебно ги опфаќа самостојните научни, литературни, уметнички, образовни или наставни активности, како и самостојните активности на лекарите, адвокатите, инженерите, архитектите, стоматолозите и сметководителите.

Член 15

## ЛИЧНИ ПРИМАЊА ОД РАБОТЕН ОДНОС

1. Во зависност од одредбите на членовите 16, 18, 19, 20 и 21 од овој договор, платите, надниците и другите слични примања кои произлегуваат од работен однос остварени од резидент на државата договорничка, ќе се оданочуваат само во таа држава, освен во случаи кога вработувањето се извршува во другата држава договорничка. Ако вработувањето е извршено така, таквите примања кои се остваруваат таму, ќе се оданочуваат во таа друга држава.

2. По исклучок од одредбите на став 1 од овој член, примањата кои резидентот на едната држава договорничка ги остварува од работен однос во другата држава договорничка ќе се оданочуваат само во провоспоменатата држава ако:

а) примателот престојува во другата држава договорничка во период или периоди кои вкупно не надминуваат 183 дена во период од дванаесет месеци, кој период започнува или завршува во односната фискална година, и

б) примањето е платено од страна, или во име на работодавачот кој не е резидент на другата држава, и

в) примањата не паѓаат на товар на постојаната деловна единица или постојана база која работодавачот ја има во другата држава.

3. По исклучок на претходните одредби од овој член, примањата остварени по основ на вработување на брод, воздухоплов, или друмско возило во меѓународен сообраќај, можат да се оданочат во државата договорничка во која се наоѓа седиштето на стварната управа на претпријатието.

Член 16

## НАДОМЕСТОЦИ НА ДИРЕКТОРИ

Надоместоците и другите слични примања кои ги остварува резидент на државата договорничка во својство на член на одбор на директори на друштво кое е резидент на другата држава договорничка, ќе се оданочува во таа друга држава.

Член 17

## УМЕТНИЦИ И СПОРТИСТИ

1. По исклучок на одредбите од членовите 14 и 15, доходот остварен од резидент на државата договорничка преку лично вршење на дејност како изведувач како што е театарски, филмски, радио или телевизиски уметник, или музичар, или спортист во другата држава договорничка ќе се оданочи во таа друга држава.

2. Кога доходот од лично извршени активности на изведувачот или спортистот не му припаѓа лично на изведувачот или спортистот но на друго лице, тој доход, по исклучок на одредбите од член 7, 14 и 15 од овој договор, ќе се оданочува во државата договорничка во која активностите на изведувачот или спортистот се извршени.

3. По исклучок од одредбите од став 1 и 2 од овој договор, доходот остварен од резидент на државата договорничка од негови лични активности како изведувач или спортист ќе се оданочат само во таа држава ако активностите се изведуваат во другата држава договорничка во рамките на културна или спортска програма за размена одобрена од двете држави договорнички.

Член 18

## ПЕНЗИИ

Согласно со ставот 2 од членот 19 од овој договор, пензиите и другите слични примања платени на резидент на државата договорничка, по основ на минат работен однос, ќе се оданочуваат само во таа држава.

## Член 19

## ДРЖАВНА СЛУЖБА

1.а) Платите, надоместоците и другите слични примања, поинакви од пензиите кои ги исплаќа државата договорничка, политичките единици или нејзината локална власт на физичко лице по основа на услуги направени на државата договорничка или на нејзините единици или локална власт ќе се оданочуваат само во таа држава.

б) Меѓутоа, таквите плати, надоместоци и другите слични примања ќе се оданочуваат само во другата држава договорничка доколку услугите се извршени во таа држава, а физичкото лице е резидент на таа држава кој:

(1) е државјанин на таа држава, или

(2) не станал резидент на таа држава само поради вршење на тие услуги.

2. а) Пензијата која ја плаќа државата договорничка или политичките единици или од нејзината локална власт на физичко лице за услуги направени на државата договорничка или на нејзините единици или локална власт, ќе се оданочува само во таа држава.

б) Меѓутоа, таквата пензија ќе се оданочува само во другата држава договорничка ако физичкото лице е резидент или државјанин на таа држава.

3. Одредбите на членовите 15, 16, 17 и 18 од овој договор ќе се применуваат на платите, надоместоците и другите слични примања, и на пензиите исплатени во врска со вршење на дејност од страна на државата договорничка, политичките единици или локалната власт.

## Член 20

## СТУДЕНТИ

1. Студент или лице на стручна обука, кој непосредно пред посетата на државата договорничка бил или е резидент на другата држава договорничка и кој престојува во првоспоменатата држава само поради своето образование или обука, не плаќа данок во таа држава на средствата кои ги добива за издржување, образование или обука ако тие средства се од извори надвор од таа држава.

2. Студент или лице на стручна обука од став 1 има право на исти изземања, ослободувања или намалувања на данокот на помошта во пари, стипендии и примања од работен однос во текот на образованието или обуката, кои не се опфатени со став 1 од овој член, како и резидентите на државата договорничка во која престојува.

Член 21

## ПРОФЕСОРИ И НАСТАВНИЦИ

1. Физичко лице кое престојува во државата договорничка заради одржување на предавања или вршење на истражувања на универзитет, вишо училиште, училиште или друг вид на призната образовна институција во таа држава и кој пред таа посета бил или е резидент на другата држава, ќе се ослободи од обврската за плаќање данок во првоспоменатата држава договорничка за примањата остварени од одржување на предавања или вршење на истражувања, за период не подолг од две години, од датумот на неговата прва посета за таа цел, доколку таквите примања ги остварил од извори надвор од таа држава.

2. Одредбите од ставот 1 на овој член не се применуваат за доходот од истражувачка работа, ако истражувачката работа не е преземена за јавен интерес, туку првенствено за личен интерес на одредено лице или повеќе лица.

Член 22

## ДРУГИ ПРИХОДИ

1. Деловите од доходот на резидент на државата договорничка, без оглед каде се остварени, кои не се опфатени со претходните одредби од овој договор, ќе се оданочат само во таа држава.

2. Одредбите од ставот 1 од овој член не се применуваат на доходот, освен на доходот од недвижен имот дефиниран во ставот 2 од членот 6 од овој договор, ако примателот на тој доход - резидент на државата договорничка врши дејност во другата држава договорничка преку постојана деловна единица која се наоѓа во таа држава договорничка, или ако во таа друга држава врши самостојни лични услуги од постојана база која се наоѓа во таа држава, а правото или имотот врз основа на кои се исплаќа доходот се ефективно поврзани со постојаната деловна единица или постојаната база. Во тој случај, соодветно се применуваат одредбите на член 7 или 14 од овој договор.

Член 23

## КАПИТАЛ

1. Капиталот кој се состои од недвижен имот од членот 6 од договорот кој го поседува резидент на државата договорничка а се наоѓа во другата држава договорничка, може да се оданочи во таа друга држава.

2. Капиталот кој се состои од подвижен имот кој претставува дел од имотот - наменет за работење на постојаната деловна единица која претпријатието на државата договорничка ја има во другата држава договорничка, или од подвижен имот кој и припаѓа на постојаната база која му е на располагање на резидентот на државата договорничка за вршење на самостојни лични услуги во другата држава договорничка, може да се оданочи во таа друга држава.

3. Капиталот кој се состои од бродови, воздухоплови или друмски возила, кои се користат во меѓународниот сообраќај и од подвижен имот кој служи за користење на тие бродови или воздухоплови, ќе се оданочи само во државата договорничка во која се наоѓа седиштето на стварната управа на претпријатието.

4. Сите останати делови од капиталот на резидент на државата договорничка, ќе биде оданочен само во таа држава.

Член 24

## ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ

1. Кога резидент на една држава договорничка остварува доход или поседува капитал кој, согласно одредбите од договорот, може да се оданочи во другата држава договорничка, првоспоменатата држава треба да одобри:

а) како одбиток на данокот од доход на тој резидент износ еднаков на износот на данокот од доход платен во таа друга држава;

б) како одбиток на данокот на капитал на резидентот, износ еднаков на данокот на капитал кој е платен во таа друга држава.

Тој одбиток и во двата случаи не може да биде поголем од делот на данокот од доход или данокот на капитал кој е пресметан пред извршеното одбивање, кој одговара, зависно од случајот, на доходот или капиталот кој може да се оданочи во таа друга држава.

2. Кога во согласност со било која одредба од договорот, доходот кој е остварен или капиталот кој го поседува резидентот на државата договорничка е изземен од оданочување во таа држава, таа држава може, во

пресметувањето на износот на данокот на преостанатиот доход или капитал на тој резидент, да го земе предвид изземениот доход или капитал.

3. Заради признавање на одбитокот во државата договорничка, данокот кој е платен во другата држава договорничка се смета дека го опфаќа и данокот кој би бил платен во таа држава доколку не е намален или отпишан согласно со нејзините законски одредби за даночни поттикнувања.

Член 25

## ЕДНАКОВ ТРЕТМАН

1. Државјаните на државата договорничка не подлежат на оданочување или друга обврска во врска со оданочувањето во другата држава договорничка кое е поинакво или потешко од оданочувањето и обврските во врска со оданочувањето на кое државјаните на другата држава, под исти услови, подлежат или можат да подлежат.

2. Оданочувањето на постојаната деловна единица која претпријатието на државата договорничка ја има во другата држава договорничка не може да биде понеповолно во таа друга држава од оданочувањето на претпријатието на таа друга држава која врши иста дејност. Оваа одредба не може да се толкува како задолжителна за државата договорничка за да им одобри на резидентите од другата држава договорничка било какви лични олеснувања, ослободувања или намалувања за даночни цели по основ на граѓански статус или семејни обврски кои таа ги одобрува на своите резиденти.

3. Каматата, приходите од авторски права и другите исплати платени од претпријатието на државата договорничка на резидентот на другата држава договорничка, заради одредување на оданочената добивка на тоа претпријатие, се одбиваат под истите услови како да се исплатени на резидент на првоспоменатата држава, освен во случаите наведени во член 9, став 6 на член 11, или став 6 на член 12 од договорот. Слично, долговите на претпријатието на државата договорничка на резидент на другата држава договорничка, заради определување на оданочување на капиталот на тоа претпријатие, се одбиваат под истите услови како да биле договорени за резидент на првоспоменатата држава.

4. Претпријатието на државата договорничка, чиј капитал потполно или делумно е поседуван или контролиран, директно или индиректно, од страна на еден или повеќе резиденти на другата држава договорничка, нема да се оданочи со данок или да подлежи на друга обврска во врска со данок во првоспоменатата држава кое е поинакво или потешко од оданочувањето на обврските во врска со оданочувањето на кое други слични претпријатија од првоспоменатата држава се или може да бидат подложени.

5. Одредбите на овој член, ќе се применуваат даноците кои се однесуваат на член 2 од овој договор.

Член 26

## ПОСТАПКА ЗА ЗАЕМНО ДОГОВАРАЊЕ

1. Кога едно лице смета дека активностите на едната или двете држави договорнички доведуваат или ќе доведат до тоа тој да не биде оданочен во согласност со одредбите на овој договор, тој може, без оглед на правните лекови предвидени со внатрешното законодавство на тие држави, да го изложи својот случај пред надлежниот орган на државата договорничка чиј резидент е. Случајот мора да биде изложен во рок од три години од денот на првото известување за активноста која доведува до оданочување кое не е во согласност со одредбите на овој договор.

2. Надлежниот орган, доколку смета дека жалбата е оправдана и ако не е во можност сам да дојде до задоволително решение, ќе настојува случајот да го реши со заедничко договарање со надлежниот орган на другата држава договорничка, заради одбегнување на оданочувањето кое не е во согласност со одредбите од овој договор. Договорот кој што ќе се постигне ќе се спроведува без оглед на временските ограничувања во внатрешните закони на државите договорнички.

3. Надлежните органи од државите договорнички ќе се залагаат да ги решат по пат на заеднички договор сите потешкотии или нејаснотии кои произлегуваат во однос на толкувањето или примената на овој договор. Тие можат заеднички да се консултираат за одбегнување на двојното оданочување во случаите кои не се предвидени со овој договор.

4. Надлежните органи на државите договорнички можат непосредно да комуницираат, како и преку заедничка комисија составена од самите нив или нивни претставници, заради постигнување на договор во смисла на претходните ставови.

Член 27

## РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ

1. Надлежните органи на државите договорнички ќе разменуваат информации потребни за примената на одредбите на овој договор или внатрешните закони на државите договорнички кои се однесуваат на даноците опфатени со договорот доколку оданочувањето предвидено со тие закони не е во спротивност со договорот. Размената на информации не е ограничена со член 1 и член 2 од овој договор. Секоја информација добиена од

државата договорничка ќе се смета како тајна исто како и информациите добиени според внатрешните закони на таа држава, и можат да бидат откриени само на лицата или органите (вклучувајќи ги судовите и органите на управата), кои се надлежни за облог и наплата на даноците, присилната наплата или за прогон, во врска со решавање на жалба по однос на даноците опфатени со договорот. Овие лица или органи ќе ги користат информациите само за тие намени. Тие можат да ги откријат информациите во јавна судска постапка или во судските одлуки.

2. Одредбите од ставот 1 не можат во никој случај да се толкуваат како воспоставување на обврски на државата договорничка да:

а) презема управни мерки кои не се во согласност со законите и управната пракса на таа или на другата држава договорничка;

б) дава информации кои не можат да се добијат врз основа на закон или во вообичаена управна практика на таа или на другата држава договорничка;

в) дава информации кои би откриле некоја трговска, деловна, индустриска, комерцијална или професионална тајна, или трговска постапка, или информација, чие откривање би било во спротивност со државната политика (јавниот поредок).

Член 28

ДИПЛОМАТСКИ И КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИЦИ

Одредбите од овој договор нема да влијаат на фискалните привилегии на дипломатските или конзуларните претставници предвидени со општите правила на меѓународното право или со одредбите од посебните договори.

Член 29

ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

1. Секоја од државите договорнички ќе ја извести другата по дипломатски пат за завршување на потребната процедура од внатрешното законодавство за влегување во сила на овој договор. Овој договор ќе влезе во сила на денот на последното од овие известувања и неговите одредби ќе важат:

а) по однос на даноците што се задржуваат на изворот, доходот платен или задолжен на или после 1- ви јануари во календарската година што следува на годината во која договорот влегува во сила;

б) по однос на другите даноци на доход и капитал, на доходот или капиталот во било која даночна година почнувајќи на или после 1- ви јануари во календарската година што следува на годината во која договорот влегува во сила.

Член 30

## ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ

Овој договор останува во сила се додека не го откаже една од државите договорнички. Секоја од државите договорнички може да го откаже овој договор по дипломатски пат, со доставување на писмено известување за престанување на неговото важење најмалку шест месеци пред крајот на календарската година по истекот на пет години од денот на влегувањето во сила на договорот. Во таков случај, овој договор престанува да важи :

а) по однос на даноците што се задржуваат на изворот, доходот платен или задолжен на или после 1- ви јануари во календарската година што следува на годината во која писменото известување е дадено;

б) по однос на другите даноци на доход и капитал, на доходот или капиталот во било која даночна година почнувајќи на или после 1- ви јануари во календарската година што следува на годината во која писменото известување е дадено.

КАКО ПОТВРДА ЗА ОВА потписниците, полноважно за тоа овластени, го потпишаа овој договор.

СОСТАВЕН во САРАЕВО, на 24. СЕПТЕМВРИ 2013 година, во два оригинални примероци на македонски, босански / хрватски / српски и англиски јазик, сите текстови подеднакво веродостојни. Во случај на несогласување во толкувањето, ќе преовлада англискиот текст.

| ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ЗА СОВЕТОТ НА МИНИСТРИ НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА |
|---|---|